**20150642271**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 2 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14 и 188/24), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 30 јануари 2015 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 27/12), во член 8 став 1, по точката 14 се додава нова точка 15, која гласи:

„15. Дава согласност за службените патувања на вработените надвор од земјата, кога со одлука на директорот на Фондот на службен пат се упатуваат повеќе од три лица.“

Точката 15 станува точка 16.

Член 2

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Број 02 – 2025/2<br>23 март 2015 година<br>Скопје

Управен Одбор<br>Претседател,<br>**Ангел Митевски,** с.р.